Драги другари,

А/. СИТУАЦИЈАТА ВО ЈЕДИНИЦИТЕ ЈЕ СЛЕДНА:

1/. Зоната располага со овије јединици: 1/батаљон "М.А", 2/. Одред-Г.Делчев", 3/. Одред "Преспа", 4/. Одред-"Дримкол", 5/. Одред-"Славе" и 6/. две диверзански групи.

2/. Бројното положеније на секоја јединица је следно:

а/Б-"М.А" има 205 лица од који 4 са јевреји, 1. влах и останалите са македонци, 95% са сељани, 35 % са служиле војска, 25% ненаоружани.

б/. Одред-"Г.Делчев" нема извештај.

в/. " "Преспа" " "

г/. " "Дримкол" има 20 лица: од који 1. јевренијин, 7. македонца и останалите албанци и турци, сите се сељани и узев 2-служиле војска 70% сите са наоружани со пушки и 1. п. митрелез

д/. Одред "Славе" 38 лица, од који сите са сељани, 2 албанца 40% служиле војска, половината са наоружани.

е/. 2 див. гр. имат 8 лица, сите македонци, граждани 5, служиле војска 2. сите стари партизани.

3/. Штабовите на одредите и Батаљоно са составени со 90% од сељани и работници, а 10% од интелектуалци, а Шт. на зоната 25% работници, 75% интелектуалци.

3/. Војничката спрема и работа:

а/. војничката подготовка на јединиците е слаба, повикето са са неслужени војници, а 95-98 % са нови партизани

б/. секој ден се одржават часови према формацијата на партизанските одреди.

в/. Да би била по арна спрема на јединиците требало би по често да вршат акцији и редовно-секујдневно обука.

4/. Политичка спрема и работа

а/, моралното положеније на јединиците е слабо на повикето

б/. Во батаљоно секоја чета има пол. ком и земеник, секој вод п. делегат, а во одредите секоја десетина п. дел., одржават се редовно часови који са предвидени по формацијата на партизанските одреди, пол, ситуација и што ги моментално највише интересува на партизаните: зашто сме излегле, како да се држиме во селото и како да спроводиме пропагандата и др. братството на балканските народи. Организирани са културни одбори по јединиците во некој јединици се издават ~~жидки~~ новини, имат свој хор држат аналфабетски курсеви и др.

в/. Опремата е средната ко и исхраната а здравственото положеније је добро изузев одредо "Славе" каде има 20% болесни.

г/. Редовно постојат патроли до јединиците који функционират добро.

Б/. БОРБИ И АКЦИЈИ

Немаме извештај од сите јединици а на зоната беше и ставено во задача да реоно Г. и Д. Дебарца политички припреми народо за мобилизација, да го мобилизира, да формира батаљон и да го вој. и пол. припреми и да го пушти во дејство, батаљоно замина со закашнение од 5 дена.

На 7-IX-Б. "М.А." извршил је три неуспели акцији напад на станиците: Лешани, Велмеј и Белчиште, за подробностите не сме обавештени, за које накнадно ке ви поднесиме извештај. Слушаме да се во 7/IX-водиле и во-Дримколо некуј борби со италијаните само немаме сведенија и не е проверено.

В/ОБАВЕШТАЈНА СЛУЖБА

3-4 села дават извештај до једно село које држи врска со јединицата која оперира, само секаде не е така организирано.

2/. Во реоно Г. и Д. Дебарца 40-50 фин. и карабинера, во Струга 5-600 талијански војници, карабинери, фин. и милиција, неколку германци, а идат и заминават секуј ден германски снаги.

3/. На 7/IX-запалено е с. Белчиште еден дел и оплачкано од Итал, војска и милиција, преседени се мерки за народните издајници.

Г/. Позадината

1/. Пол. расположеније на населенијето је добро, малко се уздрма со паљевината но пак се поправува.

2/. Држат се митинзи, конференцији, пракјат се само не редовно радио вести, писма со пол. карактер за бодреће, одржават се по некуј скечеви(като: четири руса, како му се на селанецо зима житото, како ги италијанскио окупатор скарува македонецо со албанецо и др.

3/. Н.О. комитети се организирани во Г. и Д. Дебарца и во Преспа со мали изузетци.

4/. Н.О.К. дејствуват слабо, потребна је по честа контрола и давање упуства а народо ги добро прима, признава ги за власт.

2 стр

513

АРХИВ НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

./.

**СМРТ НА ФАШИЗМОТ-СЛОБОДА НА НАРОДОТ!**

Пол.комесар,                                                  Командант на II О.З.

Ѓорѓе

Цветко Узуновски